Јавно комунално претпријатие
„ИЛИНДЕН“
Бр. 04-118/2
23.04 2026 год.
Населба, ИЛИНДЕН

Врз основа на член 37-м од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22, 208/24 и 193/25), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), а врз основа на член 20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх. бр. 01-285/7 од 31.10.2017 година, член 34 од Статутот на ЈКП „Илинден н. Илинден на ден 23.04.2026 година, Директорот на Јавното комунално претпријатие „ИЛИНДЕН“ н. Илинден, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат по јавен оглас 01/2026

1. За работното место **Портир во Стручна служба - Одделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад - шифра КДР 04 02 А03 001 - 1 (еден) извршител**, по објавениот Јавен оглас бр. 01/2026 се избира кандидатот:

   1.1 **Бојан Ѓорѓиевски**;

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 (еден) на оваа Одлука по конечноста на одлуката за избор и со потпишување на Договор за вработување.

3. Оваа одлука ќе биде објавена на интернет страната на Јавното комунално претпријатие „Илинден“ н.Илинден и ќе се достави до пријавените кандидати.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 24.03.2026 година во Дневните весници „Нова Македонија“ „Слободен печат“ и „Коха“, како и на веб страната на ЈКП „ИЛИНДЕН“ н. Илинден објавен е јавен оглас за пополнување на слободни работни места во Јавното комунално претпријатие „Илинден“ н. Илинден.
Со Решение арх. бр. 04-103/6 од 24.03.2026 година, донесено од Директорот на претпријатието формирана е Комисија за селекција во постапка за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 01/2026.
Согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и за унапредување, начинот на

спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги, се спроведе постапка за вработување по предметниот оглас, утврдена со Записник за извршена проверка во постапка за административна селекција по јавниот оглас 01/2026 арх бр. 04-103/7 од 15.04.2026 година и Записник за спроведено интервју во постапката по јавниот оглас 01/2026 арх. бр. 04-103/8 од 16.04.2026 година.
По спроведената постапка, Комисијата за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 01/2026 изготви Конечна ранг листа од пријавените и интерјвуирани кандидати арх. бр. 04-103/9 од 17.04.2026 година, со предлог до Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден“ н. Илинден за избор на најдобро рангираните кандидати.
Врз основа на наведеното, Комисијата за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 01/2026 за работното место Портир во Стручна служба - Одделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад - шифра КДР 04 02 А03 001, како кандидат за избор го предложи: Бојан Ѓорѓиевски (со вкупно освоени 57 бодови во сите фази на селекција).

Врз основа на Конечната ранг листа од пријавените кандидати и предлогот на Комисијата за селекција во постапката за вработивање на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 01/2026, Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден“ н. Илинден изврши избор како во диспозитивот на Одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на жалба во рок од 8 (осум) дена од приемот на одлуката до Управниот одбор на ЈКП „ИЛИНДЕН“ н. Илинден.

Д.Н.
- Одделение за човечки ресурси
- Архива
- Пријавените кандидати

**ЈКП „ИЛИНДЕН“ н. Илинден**
**Директор**
**Борче Мицановски**

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН“ Населба Илинден